**ЗАПИСНИК**
**од 62-та седница на Советот**
**одржана на 06.12.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, акад. Бојан Шоптрајанов, Столе Наумов, Лазо Петрушевски, Антонио Јовановски, м-р Методија Јанчески, Бранко Радовановиќ, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Сељадин Џезаири, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Совет:** Методи Стоименовски (службен пат).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Магдалена Давидовска-Довлева, м-р Владимир Ѓорѓиески, Арџент Џелили, Луција Ѓурковиќ, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска.

**Други присутни:** Владимир Медарски од ЦРМ.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ја отвори 62-та седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Седницата започна во 11 часот и се одржа во просториите на Советот.

Советот, со 14 гласа „за“, едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 58-та седница на Советот, одржана на 18.11.2013 година.
2. Усвојување на Записникот од 59-та седница на Советот, одржана на 20.11.2013 година.
3. Нацрт - Програма за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2014 година.
4. Предлог – Одлука за извршување попис на средствата на Советот за радиодифузија за 2013 година и формирање на Пописна комисија.
5. Предлог – Решение за назначување заменици на членовите на ИПА структурата на Советот.
6. Барање бр.11-458 од 29.11.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.24 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Велес.
7. Барање бр.11-457 од 29.11.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.26 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје.
8. Барање бр.11-463 од 29.11.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.21 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Штип.
9. Барање бр.11-459 од 29.11.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.23 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Куманово.
10. Барање бр.11-456 од 29.11.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.25 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Прилеп.

11. Барање бр.11-462 од 29.11.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.24 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Тетово.
12. Барање бр.11-460 од 29.11.2013 година, за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.53 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп.
13. Барање бр.11-461 од 29.11.2013 година, за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.54 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп.
14. Барање бр.11-466 од 29.11.2013 година, за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.55 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп.
15. Барање бр.11-467 од 29.11.2013 година, за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.56 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп.
16. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот Записникот од 58-та седница на Советот, одржана на 18.11.2013 година, и со 13 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, м-р Васко Петревски го усвои Записникот од 58-та седница на Советот, одржана на 18.11.2013 година во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 59-та седница на Советот, одржана на 20.11.2013 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои Нацрт - Програмата за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2014 година.

Раководителот на Стручната служба објасни дека Нацрт - Програмата за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2014 година е подготвена по примерот од минатата година, со одредени дилеми бидејќи престои новата законска регулатива. Во Нацрт - Програмата за работа на Советот информира дека акцент е ставен на претседателските избори кои престојат во месец март 2014 година.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи, Предлог- Програмата за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2014 година, да ја дополни со активности поврзани со Националната стратегија за млади.

Советот ги задолжи членовите на Советот и раководителите на сите сектори во Советот, предлозите во однос на Предлог-програмата за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2014 година, да ги достават во електронска форма до Секретаријатот на Советот.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Предлог – Одлуката за извршување попис на средствата на Советот за радиодифузија за 2013 година и формирање на Пописна комисија.

Советот едногласно донесе одлука да се изврши попис на: основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2013-та година, заклучно со 31.12.2013 година, во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2003, 17/2011) и Правилникот за сметководство на непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2003, 08/2009, 12/2009, 175/2011).

Советот едногласно донесе одлука да се формира Пописна комисија која ќе изврши попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства за Советот за радиодифузија на РМ за 2013 година, во состав:

- Арѓент Џелили - претседател на Комисијата, со заменик Луција Ѓурковиќ;
- Сашо Богдановски – член, со заменик Рубин Талески, и
- Симе Златески – член, со заменик Александар Џуваревиќ.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви горенаведените одлуки.

Комисијата со пописот ја утврдува состојбата, заклучно со 31 декември 2013 година, составува пописни листи и изготвува Извештај за извршениот попис на начин и во роковите утврдени со Правилникот.

Извештајот за извршениот попис, Комисијата е должна да го достави до Советот, најдоцна до 7 февруари 2014 година.

Советот ја задолжи Комисијата, да ги земе во предвид забелешките од Извештајот на Државниот завод за ревизија на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година во однос на спроведување на пописот.

**Точка 5**

Советот го разгледа Предлог – Решението за назначување заменици на членовите на ИПА структурата на Советот.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече дека има забелешки во однос на предложениот состав во Решението за назначување заменици на членовите на ИПА структурата на Советот. Во таа насока предложи на местото на м-р Емилија Петреска Камењарова да биде м-р Виктор Шиков, за кој рече дека е добар познавач на областа, потоа двете колешки предвидени за местата Заменик на службеникот за програмирање – ПО и Заменик на службеникот за мониторинг – МО меѓусебно да ги заменат местата, додека колешката предвидена за Заменик на службеникот за техничка имплементација – ТО, бидејќи е анагажирана во два сектори во Советот и притоа оди на терен за потребите на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, предложи да се замени со м-р Владимир Ѓорѓиески кој исто така добро ја познава областа. Исто така нагласи дека претходните четири дена бил службено отсутен од Советот, односно на терен во посета на радиодифузери низ републиката и во таа насока не бил во можност да поразговара за предлогот. Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече дека предлогот кој го произнесе на седницата произлегува од неговиот личен став. Смета дека е добро кога постојат различни ставови и се дискутира по нив на седниците, за на крајот да се донесе најсоодветната одлука.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи му честита на членот на Советот, Лазо Петрушевски за неговиот предлог во однос на назначувањето заменици на членовите на ИПА структурата на Советот, за кој рече дека професионално навлегол во професионалните квалификации на вработените од Стручната служба.

Смета дека предлозите со претходна професионална анализа требаше да дојдат од раководителите на Секторите или Раководителот на Стручната служба. Во таа насока рече дека посоодветно е претходно да се разговараше на оваа тема, а не сега кога има финален предлог за седница. Бидејќи, рече, дека се потпира на предлозите кои произлегуваат од Стручната служба, рече дека сега со новиот предлог е изненаден и во таа насока смета дека оваа точка треба да се одложи, бидејќи пред да се донесе предлог на седница, треба претходно да е изработена анализа за него.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека исто така му честита на членот на Советот, Лазо Петрушевски за неговиот предлог во однос на назначувањето заменици на членовите на ИПА структурата на Советот, но рече дека не се согласува со Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи во поглед на тоа дека претходно треба да се договараат, пред се затоа што материјалите се разгледуваат на седницата и во тој поглед секој може слободно да зборува и да дава предлози.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски рече дека Предлог–Решението за назначување заменици на членовите на ИПА структурата на Советот е негов личен предлог, а не на Стручната служба. Предложен е поради обемноста на проектот што се реализира, но не значи дека предлогот е идеален и дефинитивен и во таа насока членовите на Советот се тука за да дискутираат. Во однос на предлогот од членот на Советот, Лазо Петрушевски, смета дека е најсоодветен и дека се согласува со него.

Согласно позитивните прописи кои се применуваат во врска со Компонентата I - Помош при транзиција и градење на институциите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работните групи кои органите - корисници на средства од овој проект ги формираат во свои рамки, предвидено е назначување лице со функција “Виш програмски службеник„ а не „Координатор на работна група“.

Во смисла на погоре наведеното, а заради усогласување на терминологијата во Решението за формирање на работна група во Советот за радиодифузија (како корисник на средства) за Компонента I - Помош при транзиција и градење на институциите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) бр.03-240/1 од 01.02.2011 година, со измена и дополнување, бр.03-240/2 од 11.10.2012 година и бр.02-5840/1 од 13.11.2012 година, согласно кое лицето Огнен Неделковски е назначен за “Координатор на работната група„, се јави потреба од усогласување во терминолошка смисла на предметното решение, така што именуваниот, наместо назначено лице со функција “Координатор на работната група„, да биде назначено како лице со функција “Виш програмски службеник

Согласно горенаведеното образложение, Советот едногласно донесе Решение за изменување на Решението за формирање на работна група за Компонента I - Помош при транзиција и градење на институциите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Со оглед на зголемените обврски на ИПА структурата на Советот за радиодифузија во врска со имплементацијата на проектот на Советот од IPA TAIB 2009 “Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за медиуми и телекомуникации за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“ и со оглед на потребата од активности на ИПА структурата во врска со проектот на Советот од ИПА 2011 “Слобода на изразување – поддршка за медиумски реформи“,а со цел да се обезбеди непречено извршување на функциите и задачите на секој член од работната група во случај на негово отсуство или спреченост за извршување на функциите и задачите, Советот донесе Решение за назначување заменици на членовите на работна група за Компонента I - Помош при транзиција и градење на институциите од Инструментот за претпристапна помош, и тоа:

- м-р Виктор Шиков - Заменик на Вишиот програмски службеник – СПО,
- Катерина Митре - Заменик на службеникот за програмирање – ПО,

- м-р Владимир Ѓорѓиески - Заменик на службеникот за техничка имплементација - ТО и

- Весна Симоновска - Заменик на службеникот за мониторинг - МО.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги подготви горенаведените Решенија.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот горенаведените решенија да ги достави до Министерство за финансии (Надлежен координатор за авторизација), и до Министерство за финансии, Сектор за централно финансирање и склучување договори (Програмски службеник за авторизација, Сектор за централно финансирање и склучување договори и Национален Фонд).

**Точки 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15**

Во однос на Барањата за дополнување на регистрираниот збирен програмски пакет на наведените во дневниот ред оператори на јавна комуникациска мрежа, Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, објасни дека целата доставена документација е во согласност со Одлуката за доставување на пропратна документација кон Барањата и другите дописи упатени до архивата на Советот за радиодифузија и Правилникот за регистрација на пакетот програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи.

Советот одлучи да се прифатат Барањата за дополнување на регистрираниот програмски пакет на: Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

Советот едногласно, со 13 гласа „за“, (членот на Советот, м-р Методија Јанчески не беше присутен за време на гласањето), одлучи:

- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Велес, да му се издаде Потврда за регистрација на пакет програмски сервиси бр.24, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје, да му се издаде Потврда за регистрација на пакет програмски сервиси бр.26, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот едногласно, со 14 гласа „за“, одлучи:

- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Штип, да му се издаде Потврда за регистрација на пакет програмски сервиси бр.21, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Куманово да му се издаде Потврда за регистрација на пакет програмски сервиси бр.23, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Прилеп, да му се издаде Потврда за регистрација на пакет програмски сервиси бр.25, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Тетово, да му се издаде Потврда за регистрација на пакет програмски сервиси бр.24, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово

Велес, Штип и Прилеп, да му се издаде Потврда за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.53, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп, да му се издаде Потврда за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.54, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп, да му се издаде Потврда за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.55, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за градовите Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип и Прилеп, да му се издаде Потврда за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.56, за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи назначеното лице од Советот за водење на предмети од управна постапка, да ги запише потврдите во Уписникот за предметите од управна постапка – Уп 1.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да ги објави на веб страницата на Советот за радиодифузија измените во програмските пакети на: Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, потврдите да ги достави до наведениот оператор на јавна комуникациска мрежа.

**Точка 16**

Разно.

- Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за Ребалансот на Финансискиот план од 06.12.2013 година на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Раководителот на Секторот за економско-финанскиски работи објасни дека во Финансискиот план за 2013-та година за месечна наемнина за деловниот простор на Совето кој го користи согласно Договорот за закуп со „Агромеханика“ АД-Скопје, беа предвидени средства согласно процентуалната стапка за право на признавање на влезниот Данок на додадена вредност. Бидејќи влезниот промет не беше на планираното ниво, предвидениот износ на средства за наемнина не е доволен.

Советот едногласно донесе одлука за усвојување на Ребалансот на Финансискиот план од 06.12.2013 година на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Согласно горенаведеното се изврши Ребаланс на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013-та година, со што вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за економско-финансиски работи да ја подготви Одлуката.

Советот го задолжи Секторот за економски-финансиски работи да го изготви Ребалансот на Финансискиот план од 06.12.2013 година на Советот за радиодифузија на РМ, во кој ќе ги вгради наведените измени.

- Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ги информира присутните дека е доставена фактура и месечен извештај од Градежен институт „Македонија“ А.Д., согласно јавната набавка.

**Бр.02-4786/7**
**18.12.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**м-р Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*